# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ИМОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.35 од 22.03.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за даноци на имот („Службен весник на Република Македонија‟ број 61/2004, 92/2007 и 102/2008), членот 19 се менува и гласи:
''На остварениот промет на недвижности се плаќа данок на промет на недвижности. Под промет на недвижности, во смисла на овој закон, се смета преносот со и без надоместок на правото на сопственост, како и друг начин на стекнување на недвижности со и без надоместок меѓу правни и физички лица.
Под промет на недвижности не се смета физичката делба на недвижниот имот.''

**Член 2**

Во членот 25 став 1 по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:
‟7) при вложување на недвижности во капиталот на трговските друштва;‟.
Точките 7 и 8 стануваат точки 8 и 9.

**Член 3**

Во членот 36 зборовите: ″најдоцна во рок од 15‟ се заменуваат со зборовите: ″во рок не подолг од десет дена″.

**Член 4**

Во членот 39 зборовите: ″Државниот завод за геодетски работи″ се заменуваат со зборовите: ‟Агенцијата за катастар на недвижности″.

**Член 5**

Во членот 52 став (1) зборовите: ″министерот за финансии‟ се заменуваат со зборовите: ″Министерството за финансии″.

**Член 6**

Во членот 90 став (1) износот ″3.000‟ се заменува со износот ″2.500‟.
Во ставот (2) износот ″1.000‟ се заменува со износот ″750‟.
Во ставот (3) износот ″500‟ се заменува со износот ″350‟.

**Член 7**

Во членот 91 став (1) износот ″1.000‟ се заменува со износот ″750‟.

**Член 8**

Во членот 92 износот ″1.000‟ се заменува со износот ″750‟.

**Член 9**

Во членот 94 став (1) износот ″3.000‟ се заменува со износот ″2.500‟.
Во ставот (2) износот ″1.000‟ се заменува со износот ″750‟.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.